# Јавен повик за финансиска поддршка за развој на одржлив туризам во Споменик на природата (СП) „Вевчански извори“

**Референтен број 03-03/22**

Македонското еколошко друштво, партнер спроведувач на Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија (ПЗП), проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), објавува јавен повик за финансиска поддршка за развој на одржлив туризам во заштитеното подрачје Споменик на природата (СП) „Вевчански извори“, како алатка за спроведување на шема за плаќање за екосистемски услуги.

Повеќе за ПЗП: http://www.bregalnica-ncp.mk/

Заинтересираните субјекти потребно е да ја достават целокупната документација во електронска форма на е-маил адресата: angelova@mes.org.mk и по пошта или лично на следнава адреса: Македонско еколошко друштво, бул. Борис Трајковски ул.7, бр.9а, 1000 Скопје, не подоцна од 09.03.2022 година до 15:00 часот.

Потребна документација:

- Тековна состојба од Централен регистар, не постара од 6 месеци од рокот за аплицирање;
- Уредно пополнета апликација,
- Уредно пополнет формат за буџет и
- Профил на апликантот со референтна листа на спроведени проекти исти и/или слични на предметот од интерес и промотивни материјали од реализирани проекти.

Документација за јавниот повик, вклучувајќи ги и критериумите за евалуација се достапни на интернет страната на Македонско еколошко друштво www.mes.org.mk, како и на Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија: http://www.bregalnica-ncp.mk/javni-povici/.

Заинтересираните субјекти може да поставуваат прашање исклучиво во пишана форма на следнава е-пошта: angelova@mes.org.mk најдоцна до 19.02.2022 година.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

МАКЕДОНСКО
ЕКОЛОШКО
ДРУШТВО

ПРОГРАМА ЗА
ЗАЧУВУВАЊЕ
НА ПРИРОДАТА

# Јавен повик за финансиска поддршка за развој на одржлив туризам во Споменик на природата (СП) „Вевчански извори“

## ИНСТРУКЦИИ ЗА ЗАИНТЕРИСИРАНИТЕ СУБЈЕКТИ

### 1. ВОВЕД (ЗА ПРОГРАМАТА)

Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија – излезна фаза (во понатамошниот текст Програмата) е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (Swiss Agency for Development and Cooperation – SDC), координиран од страна на Фармахем, Скопје. Програмата е креирана со цел да ѝ помогне на државата во зачувување на големата биолошка разновидност и природните екосистеми преку промоција за нивно одржливо користење и управување. Времетраењето на излезната фаза на програмата е од 2021 до 2023 година.

Главни партнери во излезната фаза на Програмата се: Министерство за животна средина и просторно планирање како стратешки партнер, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЈП „Национални шуми“, Македонско еколошко друштво како партнер спроведувач, Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје и Универзитетот за применети науки во Берн, Швајцарија.

Програмата е фокусирана кон следните Програмски цели:

1. Соодветните установи и организации на сите нивоа применуваат иновативни пристапи за интегрирано управување со природните ресурси
2. Клучните чинители од брегалничкиот регион заеднички применуваат регионален пристап за промовирање на зачувување на природата и одржлив социо-економски развој
3. Консолидираните и документирани знаења, постигнувања и резултати од ПЗП се користат за понатамошна примена на одржливото управување со природните ресурси во брегалничкиот регион и земјата

Повеќе за Програмата може да прочитате на http://www.bregalnica-ncp.mk/.

## 2. ЗА КОМПОНЕНТАТА ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ШЕМА ЗА ПЛАЌАЊЕ ЗА ЕКОСИСТЕМСКИ УСЛУГИ

Една од компонентите која се спроведува во рамки на првата цел на ПЗП се однесува на развивање и спроведување на шема за плаќање за екосистемски услуги за заштитеното подрачје Споменик на природата (СП) „Вевчански извори“.

Плаќањата за екосистемски услуги (ПЕУ) се финансиски, поттикнувачки механизми кои имаат потенцијал да ја зачуваат природата и нејзините ресурси. Функционираат на пристапот „корисникот плаќа“, односно страната која користи екосистемска услуга/и (ЕСУ) плаќа одреден надоместок, дефиниран договорно, на страната која како резултат на своите активности овозможува проток на тие ЕСУ, а со цел нивно долгорочно одржување, со што и екосистемите добиваат дополнителна вредност. Општина Вевчани, како управувач на СПВИ, е идентификувана како обезбедувач на ЕСУи за кои се очекува да добие одреден надоместок од корисниците на ЕСУи преку воспоставување на шеми за ПЕУи. Во националната легислатива, поконкретно во Законот за заштита на природата (Сл.весник на РМ бр.67/2004) член 161, надоместокот за екосистемски услуги е дефиниран како еден од начините за обезбедување на средства за заштита на природата. Согласно член 165 од истиот закон средствата од овој, но и некои други надоместоци*, се приходи на субјектите задолжени за управување со заштитеното подрачје.* Исто така, воведувањето поттикнувачки мерки за намалување на сиромаштијата преку одржливо користење на природата и плаќањето за екосистемски услуги како и мобилизација на средства од плаќањето за екосистемски услуги во заштитени подрачја и надвор од нив, се едни од акциите дефинирани во двете најзначајни стратегии (Стратегија за заштита на природата со акционен план 2017-2027 и Стратегија за биолошка разновидност 2018-2023) што може да обезбедат ефикасно и одржливо финансирање на заштитените подрачја. На ваков начин, на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) и заинтересираните страни им се отвораат можности во иднина овие шеми да ги користат како алатка за мобилизација на средства за ефективно управување на екосистемите и биолошката разновидост во заштитените подрачја, па и надвор од нив.

За спроведување на ПЕУ шемата одбрано е „Вевчански извори“, како подрачје заштитено во категоријата Споменик на природа. Шемата за ПЕУ ќе се спроведува според претходно изработена студија на изводливост во која се направени анализи за потенцијални вакви финансиски инструменти кои би можеле да придонесат кон подобро управување со заштитените подрачја. Според резултатите од досегашни направени интердисциплинарни анализи, за спроведување на ПЕУ шемата во Вевчани одбрани се екосистемски услуги кои се поврзани со дејноста туризам во подрачјето. Една од потенцијалните алатки што би се користела за спроведување на ПЕУ шемата е отворање на посебна компанија (правно лице) за управување со туристички дестинации, која мора да спроведува активности кои ќе се исклучиво поврзани со одржливи форми на туризам во Вевчани.

Одржливиот туризам се развива на фер и правичен начин кон локалните заедници и природната средина, и на долг рок е економски поисплатлив и не влијае лошо врз животната средина. Со други зборови, туризмот е тој што учествува во управувањето со сите ресурси кои ги исполнуваат економските, социјалните и естетските потреби додека го одржува културниот интегритет и биолошката разновидност и квалитетот на животната средина. Постоечките примери од некои туристички бизниси како го рециклираат отпадот, ја користат енергијата, го контролираат користењето на водата, ги минимизираат емисиите на стакленички гасови, и ги штитат природните екосистеми, придонесува кон одржливото управувањето со животната средина. Организираните напори за минимизирање на негативните

влијанија од масовните форми на туризам можат во голема мера да ги подобрат шансите за одржливост и поздрава и почиста животна средина. Воведување на повисоки стандарди во понудите (кои би оделе во прилог на природните ресурси од кои зависи туризмот тука) од страна на локалните туристички бизниси ќе придонесе кон поквалитетен, поорганизиран и пријателски за природата начин на туристичките активности во подрачјето. Идејата на воведување ПЕУ шеми е секој да придонесе кон ова. Поради тоа и дел од средствата собрани од продажбата на подобрените туристички пакети ќе се распределат кон усовршување на одржливиот туризам и одржување на природните благодети од кои зависи развојот на оваа форма туризам во Вевчани.

## 3. ЦЕЛ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Целта на Јавниот повик е да се воспостави и тестира шема за плаќање за екосистемски услуги (ПЕУ) во СП „Вевчански извори“ која како алатка би користела одржливи форми на туризам.

Одржливиот туризам креира долгорочна стратегија за успех, користи регулаторни рамки и се поврзува со другите економски сектори, се стреми да го отстрани притисокот врз природните екосистеми и да соработува со локалите заедници за да поттикне инфраструктурни придобивки и социо-економска стабилност истовремно одржувајќи го културниот интегритет и биолошката разновидност и квалитетот на животната средина.

## 4. ВИСИНА НА ПОДДРШКА

Вкупната поддршка е во максимален износ од 55.000 CHF (3.149.850 МКД). Притоа, за управување на проектот дозоволен е максимум од 30% од вкупниот предложен буџет, додека пак за трошоци за маркетинг и промоција на СП “Вевчански извори“ како дестинација за одржлив туризам довозлен е максимален износ од 25% од вкупниот предложен буџет.

Дополнително, Општина Вевчани, како управувач на заштитеното подрачје СП „Вевчански извори“, го става на располагање мултикултурниот центар „Коста Србакоски“ кој понудувачиот ќе има право да го користи (канцеларии, сали за состаноци, изложбна просторија и сл.), па соодветно на тоа ќе треба да го земе предвид во подготовка на апликацијата за јавниот повик. Условите за користење на мултикултурниот центар ќе бидат дополнително детализирани во договор кој ќе биде потпишан помеѓу општината и избраниот понудувач.

## 5. ВРЕМЕНСКА РАМКА НА СПРОВЕДУВАЊЕ

Активностите предложени во апликацијата треба да се спроведат во периодот индикативно март 2022 – август 2023, по избор на најдобрата понуда.

## 6. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите правни лица од Република Северна Македонија регистрирани за услуги поврзани со темата на повикот.

## 7. ПОДОБНИ ТРОШОЦИ

Подобни трошоци за финансирање се однесуваат на: управување на проектот, консултанстки услуги, едукација, тренинзи, работилници, развој, уредување и одржување на интернет платформа, изработка на промотивни електронски материјали и сл.

## 8. ЛИСТА НА ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

Заинтересираниот субјект потребно е да ги достави следниве документи:

- Тековна состојба од Ценрален регистар, не постара од 6 месеци од рокот за аплицирање;
- Уредно пополнета апликација,
- Уредно пополнет формат за буџет и
- Профил на апликантот со референтна листа на спроведени проекти исти и/или слични на предметот од интерес и промотивни материјали од реализирани проекти

## 9. КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

Сите пристигнати понуди ќе бидат евалуирани од страна на Комисија за евалуација и ќе бидат оценувани согласно следните чекори:

Формални барања

| ***ФОРМАЛНИ БАРАЊА (ЕЛИМИНАЦИОНИ)*** | |
|---|---|
| Документација поднесена во бараниот рок | Да/Не |
| Комплетна документација | Да/Не |

Критериуми за евалуација

| **КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА** | Максимални поени |
|---|---|
| 1. Релевантност | 15 |
| 2. Методологија | 30 |
| 3. Одржливост | 15 |
| 4. Буџет и економичност на трошоците | 20 |
| 5. Искуство и оперативен капацитет на понудувачот | 20 |
| **Вкупно** | **100** |

## 10. РОК ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

Јавниот повик е отворен до 09.03.2022 година до 15 часот, до кога сите заинтересирани апликанти треба да ја поднесат потребната документација.

Најдоцна до 19.02.2022 год., заинтересираните апликанти можат да постават прашања по меил на адресата: angelova@mes.org.mk. Одговорите на поставените прашања ќе бидат испратени до заинтересираните апликанти најдоцна со 24.02.2022 год.

## 11. КОНТАКТ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

Документацијата треба да се доставaт во електронска форма на е-маил адресата angelova@mes.org.mk и по пошта или лично на следнава адреса:

**Македонско еколошко друштво**

**бул. Борис Трајковски, ул 7, бр.9а, 1000 Скопје,**

**со назнака "За јавен повик бр. 03-03/22"**